# Re: informacija od javen karakter - klima uredi i sl.

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Примено/E pranua 11.04.2024

| Орг. Единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 03 | 393/3 | | |

From: Ohrid SOS (ohridsos@gmail.com)

To: zimohrid@yahoo.com

Date: Wednesday, April 10, 2024 at 10:09 AM GMT+2

Почитувани,

Благодарам за доставените информации.
Согласно член 24 од *Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер*, ве молам за комплетирање на одговорот и тоа:

**1.** Колку вкупно ставки содржи листата на евиденцијата на заштитените културни добра и амбиенталните објекти на кои се поставени сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами?

**2.** Во документот кој содржи решенија за прогласување на културно наследство во опсаност, за објектот на Ул. Коста Рацин бр. 45 (арх. бр. 15-356/5 од 02.07.2018) доставена е само првата страница, документот не е комплетен.

**3.** Во врска со одговор на точка четири, стои дека ќе ми биде доставена листата на заштитени објекти и , но таа не беше доставена со вашиот одговор од 09.04.2024 г.

4. НУ Завод и Музеј – Охрид има изработено комплетна листа на сите објекти,поточно и на тие кои поединечно се веќе заштитени, а и на тие за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство и за кои континуирано се изработуваат елаборати за нивна валоризација. Истата

[redacted]

ќе ви биде испратена во прилог.

Ве молам, бараните информации да ми биде доставена во електронски формат во законски утврдениот рок.

Однапред благодарам.

ohridsos@gmail.com

On Tue, Apr 9, 2024 at 7:57 PM Завод и Музеј - Охрид <zimohrid@yahoo.com> wrote:

Povelete,

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД

НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,
тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци 267-173;
е-маил: зимохрид@јахоо.цом; жиро сметики: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURES DHE
Бр./Nr. 03-393/4
11.04.2024
Охрид/Ohër

**До**
**Активисти на Граѓанската иницијатива Охрид SOS**
**(ohridsos@gmail.com)**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информации за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВРСКА:** Барање за пристап до информација од јавен карактер – клима уреди и сл. бр. 03-393/3 од 11.04.2024 година)

НУ Завод и Музеј – Охрид, постапувајќи по поднесено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на Ohrid SOS преку застапник Драгана Велковска, од 10.04.2024 година испратено по електронски пат (наш бр. 03-393/3 од 11.04.2024 година), а во врска со комплетирање на одговорот доставен на 09.04.2024 година, за тоа цитирам:

1. Колку вкупно ставки содржи листата на евиденцијата на заштитените културни добра и амбиенталните објекти на кои се поставени сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами?
2. Во документот кој содржи решенија за прогласување на културно наследство во опасност, за објектот на ул. Коста Рацин бр. 45 (арх. Бр. 15-356/5 од 02.07.2018) доставена е само првата страница, документот не е комплетен.
3. Во врска со одговор на точка четири, стои дека ќе ми биде доставена листата на заштитени објекти и, но таа не беше доставена со вашиот одговор од 09.04.2024 година.

Врз основа на член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата НУ Завод и Музеј – Охрид, преку овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/19) Ви ги доставува следните информации:

1. Стручните служби при НУ Завод и Музеј – Охрид изработи евиденција на заштитените културни добра и амбиенталните објекти на кои се поставени сончеви колектори, фотоволтаични уреди, клима уреди и други несоодветни инсталации и на комерцијални рекламни паноа и светлечки реклами поставени на заштитени културни добра и амбиентални објекти во рамки на Старото градско јадро на Охрид. Евиденцијата ја изработи со изготвување на поединечни картони за сите

објекти поделени по урбани комплекси со поединечни забелешки во врска со поставени клима уреди, сончеви колектори, соларни панели и светлечки реклами.

- **Урбан комплекс 1 – Табана – 20 објекти**
- **Урбан комплекс 2 – Болнички – 14 објекти**
- **Урбан комплекс 3 – Мал Св. Климент – 13 објекти**
- **Урбан комплекс 4 – Робевци – 11 објекти**
- **Урбан комплекс 5 – Радничка – 21 објект**
- **Урбан комплекс 6 – Св. Софија – 24 објекти**
- **Урбан комплекс 7 – Долни Сарај – 13 објекти**
- **Урбан комплекс 8 – Канео – 23 објекти**
- **Урбан комплекс 9 – Плаошник – 2 објекти**
- **Урбан комплекс 10 – Св. Врачи – 34 објекти**
- **Урбан комплекс 11 – Самуилова Тврдина – 22 објекти**
- **Урбан комплекс 12 – Горна Порта - Театар – 16 објекти**
- **Урбан комплекс 13 – Св. Богородица Перивлепта – 14 објекти**
- **Урбан комплекс 14 – Чаршија 1 – 62 објекти**
- **Урбан комплекс 14 – Чаршија 2 – 79 објекти**
- **Урбан комплекс 15 – Месокастро – 51 објект**
- **Урбан комплекс 16 – Чинар – 60 објекти**
- **Урбан комплекс 17 – Кошишта – 34 објекти**
- **Урбан комплекс 18 Воска – 42 објекти**
- **Урбан комплекс 19 – Кеј – 6 објекти**

2. Во прилог Ви го доставуваме **Решението за прогласување на културно наследство во опасност Уп. Бр. 18-301 од 26.06.2018 година**.

3. Во прилог Ви доставуваме Табела со изработени Елаборати со **ПОСЛЕДНИ ИНТЕРВЕНЦИИ НА ПОЕДИНЕЧНО ЗАШТИТЕНИТЕ ОБЈЕКТИ 2022 год.**

Со почит,

Службено лице за посредување со

информации од јавен карактер

Тања Паскали Бунташеска

диа, конзерватор – советник

в.д. Директор,

М-р Ирена Шајн

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

Завод и Музеј - Охрид
ИНДОК
ЦЕНТАР
Бр. ПА - 168/18

WWW.UZKN.GOV.MK

Уп. бр. 18-301
26.06.2018 год.
Скопје

02.07. 2018
15 356/5

Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице врз основа член 43 став 2 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/2016 и 11/2018) донесе

## РЕШЕНИЕ

**за прогласување на културното наследство во опасност**

1. Културното наследство "Куќа на ул. Коста Рацин бр.45" во Охрид се прогласува за културно наследство во опасност.
2. За културното наследство во опасност се определуваат следните итни мерки на заштита:
   - изработка на проектна документација за објектот и тоа: изработка на проектна документација на постојната состојба на објектот, снимање на постојната состојба, конзерваторски истражувања и стручна контрола на проект,
   - отстранување на објектот.
3. Мерките на заштита да се извршат по одобрување на средствата во износ од 418.935,00 денари.
4. Врз основа на ова решение се врши запишување на културното наследство во опасност "Куќа на ул. Коста Рацин бр.45" во Охрид во Националниот регистар на културното наследство и тоа во дополнителен регистар на културно наследство во опасност.
5. Жалбата против решението за прогласување на културно наследство во опасност не го задржува извршувањето на решението.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура поднесено е барање од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид за прогласување на Куќата на ул. Коста Рацин бр.45 во Охрид за културно наследство во опасност.

Куќата на ул. Коста Рацин бр.45 во Охрид е прогласена за значајно културно наследство со Решение уп. бр. 08-65 од 03.09.2010 година донесено од Управата за заштита на културното наследство.

Куќата датира од XIX век и поседува карактеристики на охридска староградска архитектура. Изградена е од природни материјали со спратност од приземје и два ката, при што приземјето и делумно првиот кат се изведени од камен, а вториот кат и делови од првиот од дрвена бондручна конструкција. Катовите се

еркерно исфрлени, потпрени со дрвени косници и ја следат линијата на улицата. Обликувањето на фасадата е карактеристично, во ритам на ѕидните платна и прозорските отвори, бело обоена, со дрвени опшиви на аглите и околу прозорците и стреи.

По барање на сопственикот на објектот, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид формираше стручен тим кој изврши увид на состојбата на објектот при што констатирана е исклучително лоша состојба на конструкцијата на истиот и на посебните елементи од фасадата, кровот и внатрешните ѕидови. Објектот е превентивно потпрен со дрвени потпори на соседната карпа и претставува непосредна опасност за минувачите. Особено е руиниран вториот кат и кровниот покривач. Исто така, постои оштетеност и дотраеност на фасадата и на оригиналната столарија. Поради склоноста од паѓање, објектот преставува опасност за соседните градби и животот на луѓето.

Причините за загрозеност на доброто се староста на објектот, дотраеноста на материјалите и руинираност на носивите конструктивни елементи. Објектот е запуштен, напуштен и на него до сега не се превземани никакви санациони или конзерваторски мерки.

Со оглед на тоа што на културното наследство - Куќа на ул. Коста Рацин бр.45 во Охрид му се заканува непосредна и конкретно утврдена опасност од понатамошно оштетување, уништување и посериозно нарушување на неговиот интегритет, поради забрзано пропаѓање на материјалот од кој е направена, Управата за заштита на културното наследство, согласно член 43 став 2 од Законот за заштита на културното наследство, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:**

Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 (петнаесет) дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Директор**

***д-р Елеонора Петрова - Митевска***

Доставено до:

- НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Охрид;
- Општина Охрид;
- Министерство за култура;
- Имателот;
- Досие;
- Архива.

1503
02.07 18

Изработил: м-р М.Д.Тодоровска

Одобрил: Л.Петрова

# ПОСЛЕДНИ ИНТЕРВЕНЦИИ НА ПОЕДИНЕЧНО ЗАШТИТЕНИТЕ ОБЈЕКТИ 2022 год.

***<u>Христијански сакрални градби</u>***

| Ред. бр. | Име на доброто | Адреса | место | Решение бр. | дата | Центр. регист ар | ЕМБ | состојба |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Црква Св. Богородица Болничка**<br>(Црква Св. Богородица Болничка – старо име на доброто)<br><br>**Бр. 145 во Општ инвентар за Културно наследство** | **ул. Коста Абраш бр. 36**<br>(стара адреса ул. Коста Абраш 30 – б) | Охрид<br><br>**КП 16302**<br>**КО Охрид 3** | 1028<br>07-23/1<br>07-690/1<br><br>Одлука бр. 42-5482/5 | 26.07.1950<br>12.03 1968<br>16.06.1998<br><br>22.07.2014 | 75 | **4-819-038/041 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Извршената превентива на кровот од црквата во периодот 1998 - 1999 г.<br>Извршена превентивна заштита на дворната ограда од црквата во 1999 година.<br>Извршена превентивна заштита на фрескоживописот од црквата во 2006 година.<br>Во текот на 2019 година изработен е Елаборат за конзервација на фрескоживописот од црквата. Во текот на 2022 година ќе биде реализирана првата фаза од проектот за конзервација на фрескоживописот од црквата. | Последен мониторинг во 2018 година. Се забележуваат одредени оштетувања и на архитектурата и на фрескоживописот од објектот. Моментално се изработува Елаборат за конзервација на фрескоживописот на црквата. Неопходно е да се изработи и Елаборат за конзервација на архитектурата од објектот.<br><br>Културно наследство од особено значење (поткатегорија-големо значење)<br>(“Сл. Весник на РМ“ бр.113. од 29.07.2014) |
| **2.** | **Црква Св.Никола Болнички во Охрид**<br>(Црква Св. Никола Болнички – старо име на доброто) | **ул. Коста Абраш бр. 34**<br>(стара адреса ул. Коста Абраш 30 – а) | Охрид<br><br>**КП 16300/1**<br>**КО Охрид 3** | 1028<br>07-22/1<br>07-692/1 | 26.07.1950<br>12.03 1968<br>16.06.1998 | 76 | **4-819-038/040 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот: | Последен мониторинг во 2018 година. Неопходно е да се изработи Елаборат за конзервација на |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Бр. 136 во Општ инвентар за Културно наследство** | | | | | | Извршена превентивна заштита на кровот од црквата во 1999 година. | фрескоживописот од објектот |
| | | | | Одлука бр. 42-5482/3 | 22.07.2014 | | | Културно наследство од особено значење (поткатегорија-големо значење) (“Сл. Весник на РМ“ бр.113. од 29.07.2014) |
| **3.** | **Црква „Мал Св. Климент” во Охрид** (Црква Мал Св. Климент – старо име на доброто) | **ул.Методи Патчев бр.9** (стара адреса ул.Методи Патчев 9-а) | Охрид<br><br>**КП 16240/1**<br>**КО Охрид 3** | 55 | 13.02.1953 | 78 | **4-819-038/075 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во текот на 2000 година извршена е комплетна конзервација на архитектурата од објектот.<br>Во текот на 2007 – 2008 година извршени се конзерваторски работи на фрескоживописот на црквата врз основа на претходно изработен конзерваторски проект. | Последен мониторин во 2018 година. Има појава на влага на јужниот ѕид од црквата во појасот помеѓу контрафорите и запчестиот венец и капиларна влага на северниот ѕид заради вкопаноста на објектот |
| | | | | 07-31/1 | 15.03 1968 | | | |
| | | | | 07-689/1 | 16.06.1998 | | | |
| | **Бр. 155 во Општ инвентар за Културно наследство** | | | Одлука бр. 42-5482/6 | 22.07.2014 | | | Културно наследство од особено значење (поткатегорија-големо значење)<br>(“Сл. Весник на РМ“ бр.113. од 29.07.2014) |
| **4.** | **Црква “Св.Никола Чудотворец” во Охрид** (Црква Св. Никола Чудотворец – старо име на доброто) | **Ул. Методи Патче бр. 24** (стара адреса ул.”Климентска” бр.61-а) | Охрид<br><br>**КП 16186/1**<br>**КП 16186/3**<br>**КО Охрид 3** | 07-33/1 | 18.03.1968 | 689 | **4-819-038/036 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>од 2000 година – 2008 година се извршени комплетни конзерваторски зафати и на архитектурата и на фрескоживописот од објектот. | Последен мониторинг во 2018 година. Состојба добра извршена е комплетна конзервација на архитектурата и фрескоживописот од објектот |
| | **Бр. 137 во Општ инвентар за Културно наследство** | | | | | | | Изработен е Елаборат за ревалоризација на објектот и истиот се уште не е усвоен и не е донесено Решение |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.** | **Црква „Св.Софија”** – (старо име на доброто) – не е изработен Елаборат за ревалоризација<br><br>**Бр. 138 во Општ инвентар за Културно наследство** | **стара адреса ул.”Цар Самуил”** – не е изработен Елаборат за ревалоризација | Охрид<br><br>**КП 16300/1**<br>**КО Охрид 3** | 1028<br>07-18/1<br>07-694/1 | 26.07.1950<br>12.03 1968<br>16.06.1998 | 80 | **4-819-038/031 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во 2009 година се извршени конзерваторско – реставраторски работи на кровот од црквата.<br>Во текот на 2021 година изработен е Проект за конзервација на фрескоживописот на црквата. | Последен мониториг во 2018 година. Состојбата на архитектурата е добра. Неопходно е да се изработи Елаборат за конзервација на фрескоживописот и истиот да се конзервира<br><br>Потребно е да се изработи елаборат за ревалоризација на објектот |
| **6.** | **Црква “Св.Никола Геракомија”** (старо име на доброто) – не е изработен елаборат за ревалоризација<br><br>**Бр. 139 во Општ инвентар за Културно наследство** | **стара адреса ул. “Коста Абраш” 70** - не е изработен Елаборат за ревалоризација | Охрид<br><br>**КП 16022**<br>**КО Охрид 3** | 02-609/1 | 08.08.1986 | 686 | **4-819-038/045 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во текот на 2006 година извршени се конзерваторски зафати на камбанаријата од црквата. | Последен мониторинг во 2018 година. Состојбата на архитектурата е добра. Неопходно е да се направи конзервација на фрескоживописот од објектот.<br><br>Потребно е да се изработи елаборат за ревалоризација на објектот |
| **7.** | **Црква “Св.Јован Богослов-Канео” во Охрид**<br>(Црква Св. Јован Богослов – Канео – старо име на доброто) | **ул.”Кочо Рацин” бр.37**<br>(стара адреса - населба Канео) | Охрид<br><br>**КП 16376**<br>**КП 16378**<br>**КО Охрид 3** | 1028<br>07-30/1<br>07-697/1 | 26.07.1950<br>15.03 1968<br>16.06.1998 | 79 | **4-819-038/034 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во текот на 2020 – 2021 година извршени се конзерваторски зафати на кровот од црквата. | Последен мониториг во 2018 година. Состојбата на архитектурата и на фрескоживописот е добра<br><br>Изработен е Елаборат за ревалоризација на објектот истиот се уште не е усвоен и не е донесено Решение |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | **Црква „Големи Свети Врачи (Св. Кузман и Дамјан)" во Охрид**<br><br>**Бр. 73 во Општ инвентар за Културно наследство** | **Ул. Григор Прличев бр. 37** | Охрид<br><br>**КП 16376**<br>**КП 15894**<br>**КО Охрид 3** | 18-190 | 14.05.2012 | | **4-819-038/004 Е нд**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во текот на 2006 година извршена е комплетна конзервација на архитектурата од црквата.<br>Во текот на 2008 година изведени се конзерваторски интервенции на камените ѕидови од дворната ограда на црквата. | Последен мониториг во 2017 година после серијата на земјотреси. Има отпаднување на малтери од сводот на објектот. Има појава на капиларна влага за чие отстранување неопходно е да се направи соодветна дренажа. Неопходна е промена на дотраената електрична инсталација<br><br>Значајно културно наследство |
| **9.** | **Црква "Св.Пантелејмон"** (старо име на доброто) – не е изработен Елаборат за ревалоризација | **ул."Страшо Пинџур" бр.44 (месност "Имарет") - *дел од археол. комплекс "Плаошник"*** — не е изработен Елаборат за ревалоризација | Охрид<br><br>**КП 15838/2**<br>**КО Охрид 3** | 07-21/1 | 12.03.1968 | 101 | **4-819-038/039 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Објектот е возобновен во 2000-2002 година и неговата состојба е добра.<br>Во моментов се изработува нов фрескоживопис на внатрешните ѕидови од црквата. | Последен мониторинг во 2018 година. Објектот е возобновен во 2000-2002 година и неговата состојба е добра<br><br>Треба да се изработи Елаборат за ревалоризација на целиот археолошки локалитет |
| **10.** | **Црква "Св.Никола Арбанашки"** (старо име на доброто) – не е изработен Елаборат за ревалоризација | **ул."Страшо Пинџур" бр.16-а** не е изработен Елаборат за ревалоризација | Охрид<br><br>**КП 15644**<br>**КО Охрид 3** | 07-34/1 | 18.03.1968 | 688 | **4-819-038/037 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Не се превземени никакви конзерваторски интервенции. | Последен мониторинг во 2017 година. Неопходно е да се изврши конзервација на архитектурата на објектот и да се постави заштитен наткров заради посоодветна заштита на остатоците од објектот |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | Треба да се изработи Елаборат за ревалоризација на доброто |
| **11.** | **Црква “Св. Богородица Перивлептос”**<br>(старо име на доброто) – не е изработен Елаборат за ревалоризација | **ул. ”Климентска ” бр./**<br>не е изработен Елаборат за ревалоризација | Охрид<br><br>**КП 15621/1**<br>**КО Охрид 3** | 1028<br>07-19/1<br>07-694/1 | 26.07.1950<br>12.03 1968<br>16.06.1998 | 77 | **4-819-038/038 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во текот на 2013 – 2016 година направена е комплетна конзервација на архитектурата и фрескоживописот од објектот. | Последен мониторинг во 2018 година. Состојбата е добра, направена е комплетна конзервација на архитектурата и фрескоживописот од објектот<br><br>Треба да се изработи Елаборат за ревалоризација на целиот манастирски комплекс како споменичка целина |
| **12.** | **Црква „Св. Димитрија” во Охрид**<br>(старо име – Црква Св. Димитрија)<br><br>**Бр. 144 во Општ инвентар за Културно наследство** | **ул.”Климентов универзитет”бр. 106-а**<br>(стара адреса ул. Климентска 106 – а) | Охрид<br><br>**КП 15621/2**<br>**КП 15710/2**<br>**КО Охрид 3** | 1028<br>07-25/1<br>07-696/1<br><br>Одлука бр. 42-5482/1 | 26.07.1950<br>13.03 1968<br>16.06.1998<br><br>22.07.2014 | 74 | **4-819-038/043 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во текот на 1992 извршена е комплетна конзервација на архитектурата на објектот.<br>Во 2000 година извршена е комплетна конзервација на фрескоживописот од објектот. | Последен мониторинг во 2017 година.Состојбата на објектот е добра. Извршена е комплетна конзервација на архитектурата и фрескоживописот на објектот<br><br>Културно наследство од особено значење (поткатегорија-големо значење) („Сл. Весник на РМ” бр.113. од 29.07.2014) |
| **13.** | **Црква „Мали Св. Врачи” во Охрид**<br>(Црква Мали Св. Врачи – старо име на доброто) | **ул.”Климентов Универзитет” бр./**<br>(стара адреса ул. Климентска) | Охрид<br><br>**КП 16124**<br>**КО Охрид 3** | 1028<br>07-26/1<br>07-688/1 | 26.07.1950<br>13.03 1968<br>16.06.1998 | 73 | **4-819-038/044 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот: | Последен мониториг во 2017 година. Состојбата на објектот е добра. |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Бр. 135 во Општ инвентар за Културно наследство** | | | Одлука бр. 42-5482/4 | 22.07.2014 | | Во 1999 година направена е конзервација на архитектурата од објектот. | Културно наследство од особено значење (поткатегорија-големо значење) (“Сл. Весник на РМ“ бр.113. од 29.07.2014) |
| **14.** | **Црква „Св. Константин и Елена” Во Охрид** (Црква Св. Константин и Елена – старо име на доброто)<br><br>**Бр. 143 во Општ инвентар за Културно наследство** | **ул.”Климентов универзитет” бр. 11** (стара адреса ул. Климентска 112) | Охрид<br><br>**КП 15621/3 КО Охрид 3** | 1028<br>07-24/1<br><br>07-693/1<br>Одлука бр. 42-5482/2 | 26.07.1950<br>13.03 1968<br><br>16.06.1998<br>22.07.2014 | 127 | **4-819-038/042 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во текот на 2008 година извршена е конзервација на архитектурата на објектот.<br>Во текот на 2008 – 2009 година отпочната е конзервација на фрескоживописот на објектот. Истата не е завршена. | Последен мониторинг во 2017 година. Состојбата на архитектурата е добра, неопходно е да се доврши со конзервацијата на фрескоживописот која е започната во 2008 година врз основа на претходно изработен Елаборат и истата сеуште не е завршена<br><br>Културно наследство од особено значење (поткатегорија-големо значење) (“Сл. Весник на РМ“ бр.113. од 29.07.2014) |
| **15.** | **Црква “Св.Богородица Челница” во Охрид** (Црква Св. Богородица Челница – старо име на доброто) | **ул. ”Климентска ” бр.78** (стара адреса ул. Климент Охридски 78) | Охрид<br><br>**КП 16153 КО Охрид 3** | 1028 | 26.07.1950 | 71 | **4-819-038/033 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во текот на 2021 година изработен е проект за превентивна заштита на фрескоживописот.<br>Во текот на 2021 – 2022 година извршени се геомеханички | Последен мониторинг во 2018 година. Во моментов се изработува Елаборат за конзервација на фрескоживописот на црквата. Состојбата на архитектурата од статички аспект е нарушена, а како посебен акцент се нагласува јужниот фасаден ѕид. Во тек е изработка на Предлог барање за |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | истражувања и изработен е проект за статичко зајакнување на криптатат. | прогласување на културно наследство во опасност |
| | | | | 07-29/1 | 15.03 1968 | | | Изработен е Елаборат за ревалоризација на објектот меѓутоа истиот се уште не е усвоен и не е донесено ново Решение Донесено е Решение за културно наследство во опасност |
| | | | | 07-691/1 | 16.06.1998 | | | |
| | | | | 18-1285<br>од објекто | 08.11.2018<br>Решение за опасност | | | |
| **16.** | **Црква “Св.Богородица Каменско” во Охрид** (Црква Св. Богородица Каменско – старо име на доброто) | **ул. „Димче Маленко“ бр.14** (стара адреса ул. Кузман Јосифоски бр.14) | Охрид<br>**КП 14872**<br>**КО Охрид 3** | 07-43/1 | 20.03.1968 | 685 | **4-819-038/046 Р НД**<br>Последни интервенции на објектот:<br>Извршена е комплетна конзервација на архитектурата и фрескоживописот од црквата во текот на 2008 година. | Последен мониториг во 2017 година. Состојбата на објектот е добра. Извршена е комплетна конзервација на архитектурата и фрескоживописот од црквата |
| | | | | | | | | Изработен е Елаборат за ревалоризација на објектот заедно со иконостасот, меѓутоа истиот се уште не е усвоен и не е донесено ново Решение |
| **17.** | **Црква “Успение на Св.Богородица”** | **с. Велестово** | Охрид | 156<br>07-604/1 | 02.12.1953<br>29.05.1998 | 679 | **4-819-007/005 Р НД** | Последен мониторинг во 2016. Ревалоризација планирана за во иднина |
| **18.** | **Црква “Св.Стефан - Панцир”; *пештерна црква*** | **с. Долно Коњско** | Охрид | 07-35/1 | 18.03.1968 | 687 | **4-819-023/032 Р НД**<br>Последни интервенции на објектот:<br>Од страна на НУ Завод и Музеј – | Последен мониторинг во 2016 година. Состојбата на објектот е добра, од страна на МПЦ изградени се манастирски конаци. |
| | | | | 07-598/1 | 29.05.1998 | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Охрид не се превземени никакви интервенции.<br>Од страна на МПЦ изградени се манастирски конаци во 2010 година. | Ревалоризација планирана за во иднина |
| **19.** | **Манастир “Св.Наум”, месност Св.Наум** | **с. Љубаништа** | Охрид | 1028<br>07-20/1 | 26.07.1950<br>12.03.1968 | 130 | **4-819-030/020 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во текот на 2021 година извршено е чистење на кровот од црквата од растенија и коров. | Последен мониторинг во 2017 година. Состојбата на архитектурата е добра, неопходно е да изврши конзервација на фрескоживописот од црквата.<br><br>Во тек е изработка на Елаборат за ревалоризација на споменичка целина манастирски комплекс Св. Архангел Михаил – Св. Наум |
| **20.** | **“Св.Богородица Пештанска”,** ***пештерна црква*** | **с. Пештани** | Охрид | 07-28/1 | 13.03.1968 | 684 | **4-819-040/023 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Не се превземени никакви интервенции на објектот. | Последен мониторинг во 2017 година. Состојбата на фрескоживописот е лоша. Треба да се изработи Елаборат за конзервација на фрескоживописот и истиот да се конзервира<br><br>Ревалоризација планирана за во иднина |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **21.** | **Црква “Св.Еразмо”, месност Св.Еразмо,** ***пештерна црква***<br><br>**Бр. 170 во Општ инвентар за Културно наследство** | **с. Долно Лакочереј** | Охрид<br><br>**КП 487/1 КО Долно Лакочереј-вон град** | 07-32/1<br><br>18-940 | 15.03.1968<br><br>04.12.2018 | 690 | **4-819-016/017 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот: изработен е Елаборат за ревалоризација во текот на 2020 година. Конзерваторски зафати не се изведени. | Последен мониторинг во 2018 година. Загрозена е статичката стабилност на пештерната црква заради цепење на стените.<br><br>Значајно културно наследство |
| **22.** | **Црква “Св.Богородица Захумска”, месност Заум** | **с. Трпејца** | Охрид | 28<br><br>07-27/1 | 26.07.1950<br><br>13.03.1968 | 72 | **4-819-054/028 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот: Во текот на 2013 – 2016 вршени се конзерваторски интервенции на фрескоживописот од објектот. Во текот на 2016 – 2021 година извршена е конзервација на кровот од објектот. Во текот на 2021 - 2022 година извршено е статичко зајакнување и конзервација на архитектурата од објектот. | Последен мониторинг во 2018 година. Во тек е конзервација на архитектурата и фрескоживописот на црквата. Од страна на МПЦ реконструирани се манастирските конаци<br><br>Треба да се изработи Елаборат за ревалоризација на спомeничката целина Манастирски комплекс на црквата Св. Богородица Захумска |
| **23.** | **Црква “Св.Спас” (Вознесение)** | **с. Лескоец** | Охрид | 1028<br><br>07-36/1 | 26.07.1950<br><br>18.03 1968 | 129 | **4-819-027/016 Р НД** | Последен мониторин во 2017 година после серијата на |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 07-600/1 | 29.05.1998 | | Последни интервенции на објектот: Конзервација на архитектурата и фрескоживописот извршена е во периодот од 2004 - 2007 година. | земјотреси. Констатирано е дека е нарушена статичката стабилност на објектот. Неопходна е конзервација на архитектурата и фрескоживописот од црквата. Конзервација на архитектурата и фрескоживописот извршена е во периодот од 2004 - 2007 година.<br>Треба да се изработи Елаборат за ревалоризација на објектот |
| **24.** | **Црква “Св.Никола”** | **с. Косел** | Охрид | 07-596/1 | 19.05.1998 | 1039 | **4-819-024/156 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во текот на 2008 – 2009 година извршена е конзервација на архитектурата на објектот.<br>Во текот на 2009 – 2012 година извршена е конзервација на фрескоживописот од објектот. | Последен мониторинг во 2017 година после серијата на земјотреси. Состојбата на црквата е добра, извршена е комплетна конзервација на архитектурата и фрескоживописот на објектот. Треба да се изврши уште конзервација на иконостасот од црквата.<br>Во тек е изработка на Елаборат за ревалоризација на објектот |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **25**. | **Црква Св.Никола – Долна влашка Маала - Охрид**<br><br>**Бр. 151 во Општ инвентар за Културно наследство** | **Ул.Спас Банџов бр. 24 Долна Влашка маала КП 16685** | Охрид<br><br>**КП 16685**<br>**КО Охрид 3** | 18-96 | 18.06.2014 | | **4-819-038/049 Р нд**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Извршена е комплетна конзервација на архитектурата од објектот од страна на МПЦ – Дебарско – Кичевска епархија во текот на 2008 – 2010 година. | Последен мониторин во 2017 година. Сосотојбата на објектот е добра, извршена е комплетна конзервација на архитектурата од објектот од страна н МПЦ – Дебарско – Кичевска епархија.<br><br>Значајно културно наследство |
| **26.** | **Црква „Св.Ѓорѓи” – Горна Влашка маала – Охрид**<br><br>**Бр. 152 во Општ инвентар за Културно наследство** | **Ул. Питу Гули бр. 236 Горна Влашка маала КП 10752/1 и КП 10752/2** | Охрид<br><br>**КП 10752/1**<br>**КП 10752/2**<br>**КО Охрид 2** | 18-119 | 12.06.2014 | | **4-819-038/189 РНД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Не се превемени никакви конзерваторски интервенции на објектот. | Последен мониториг после серијата на земјотреси во 2017 година. Состојбата на објектот е исклучително лоша. Затегите во наосот ја изгубиле функцијата и има големи конструктивни оштетувања на сите сводни површини. Неопходно е да се изработи Елаборат за културно наследство во опасност каде ќе бидат наведени сите неопходни активности кои треба да се преземат за да не дојде до поголеми оштетувања на објектот.<br><br>Значајно културно наследство |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **27.** | **Црква Св.Петка** | **с. Велгошти** | Охрид | Објектот е евидентиран и не претставува поединечно заштитено културно добро | | | **4-819-006/030 Е нд**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Во текот на 2008 година изведен е потпорен ѕид заради заштита на статичката стабилност на црквата. | Последен мониторинг во 2017 година после серијата на земјотреси. Видливи се оштетувања на фасадите од објектот, а исто така има поголеми оштетувања и на оригиналниот фрескоживопис и на фрескоживописот од 1999 година. Забележани се оштетувања и на потпорниот ѕид кој е изведен во 2008 година заради заштита на статичката стабилност на црквата.<br><br>Неопходно е да се изработи Елаборат за валоризација на манастирскиот комплекс како споменичка целина |
| **28.** | **Црква Св.Спас** | **с. Горно Лакочереј** | Охрид | Објектот е евидентиран и не претставува поединечно заштитено културно добро | | | **4-819-013/036 Е нд**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Не се превземени никакви конзерваторски интервенции. | Неопходно е да се изработи Елаборат за валоризација |
| **29.** | **Црква Св.Илија** | **с. Велгошти** | Охрид | Објектот е евидентиран и не претставува поединечно заштитено културно добро | | | **4-819-006/032 Е нд**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Не се превземени никакви конзерваторски интервенции. | Неопходно е да се изработи Елаборат за валоризација |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **30.** | **Црква Св.Климент** | **с. Велгошти** | Охрид | Објектот е евидентиран и не претставува поединечно заштитено културно добро | | | **4-819-006/031 Е нд**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Не се превземени никакви конзерваторски интервенции. | Неопходно е да се изработи Елаборат за валоризација |
| **31.** | **Црква Св.Недела** | **с. Долно Лакочереј** | Охрид | Објектот е евидентиран и не претставува поединечно заштитено културно добро | | | **4-819-016/037 Е нд**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Не се превземени никакви конзерваторски интервенции. | Неопходно е да се изработи Елаборат за валоризација |
| **32.** | **Црква Св.Илија** | **с. Елшани** | Охрид | Објектот е евидентиран и не претставува поединечно заштитено културно добро | | | **4-819-018/038 Е нд**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Не се превземени никакви конзерваторски интервенции. | Неопходно е да се изработи Елаборат за валоризација |
| **33.** | **Свети Врачи** | **с. Пештани** | Охрид | Објектот е евидентиран и не претставува поединечно заштитено културно добро | | | **4-819-040/050 Е нд**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Не се превземени никакви конзерваторски интервенции. | Неопходно е да се изработи Елаборат за валоризација |
| **34.** | **Св.Варвара** | **Ул. Илинденска бб** | Охрид<br><br>**КП 15870 КО Охрид 3** | Објектот е евидентиран и не претставува поединечно | | | **4-819-038/047 Е нд**<br><br>Последни интервенции на објектот: | Последен мониториг во 2018 година. Неопходна е изведба на потпорен ѕид од јужната страна на објектот |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | заштитено културно добро | | | Не се превземени никакви конзерваторски интервенции. | Неопходно е да се изработи Елаборат за валоризација |
| **35.** | **Св.Богородица Пандонос** | **Ул. Браќа Миладиновци бб** | Охрид<br><br>**КП 15672**<br>**КО Охрид 3** | Објектот е евидентиран и не претставува поединечно заштитено културно добро | | | Последни интервенции на објектот:<br>Не се превземени никакви конзерваторски интервенции. | Последен мониторинг во 2018 година. Неопходна е конзервација на архитектурата<br><br>Неопходно е да се изработи Елаборат за валоризација |
| **36.** | **Католичка црква** | **Ул. Партизанска бб** | Охрид<br><br>**КП 16437/1**<br>**КО Охрид 3** | Објектот е евидентиран и не претставува поединечно заштитено културно добро | | | Последни интервенции на објектот:<br>Не се превземени никакви конзерваторски интервенции. | Последен мониторинг во 2018 година. Објектот претставува новоградба и неговата состојба е добра.<br><br>Да се изврши уште еден увид и да се одлучи дали објектот ќе биде валоризиран |
| **37.** | **Гробот на Григор Прличев** | | Охрид | 189 | 11.06.1956 | 701 | **4-819-038/060 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Не се превземени никакви конзерваторски интервенции. | Последен мониториг во 2018 година. Гробот заедно со непосредната околина е конзервиран во изминатиот период. Неговата состојба е добра.<br><br>Неопходно е да се изработи Елаборат за ревалоризација |

***<u>Староградска архитректура</u>***

| Ред. бр. | Име на доброто / сопственик | Адреса | Место | Решение бр. | дата | Центр. регистар | ЕМБ | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Стариот дел на градот**<br><br>**Бр. 1 во Општ инвентар на Споменички целини** | | Охрид<br><br>**повеќе КП во КО Охрид** | 07-57/1 | 28.03.1968 | 924 | **4-819-038/064 Р НД** | Изработен е Елаборат за ревалоризација на стариот дел на градот Охрид. Врз основа на изработениот Елаборат се донесе Закон за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. весник на РМ бр. 47/11) и Закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл. весник на РМ бр. 154/15). |
| **2.** | **Охридско природно и културно-историско подрачје** | | Охрид Дебарца | 03-461/1 | 08.12.1978 | 1049 | **4-819-038/009 Р НД** | Во тек е изработка на Елаборат за ревалоризација со кој треба да се направи соодветен зонинг со утврдување на режим за заштита соодветен за поединечните зони |
| **3.** | **Куќа на ул. Самуилова бр. 40** (Куќа на Паско Чауле – старо име на доброто) | **ул „Цар Самуил“ бр. 40** (стара адреса ул.”Самоилова” бр.38) | Охрид<br><br>**КП 16237 КО Охрид 3** | 56 | 01.01.1951 | 755 | **4-819-038/132 Р НД** | Последен мониторинг во 2018 година. Заради дотраеност објектот е факсимилски обновен. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Бр. 38 во Општ инвентар за Културно наследство** | | | | | | Последни интервенции на објектот:<br>Заради дотраеност објектот е факсимилски обновен во 2009 година. | Состојбата на објектот е добра |
| | | | | 18-46 | 18.02.2011 | | | Значајно културно наследство |
| **4.** | **Куќа на ул. Коста Абраш бр. 44**<br>**(Куќа на Маринови)**<br>(Куќа на Ленче Ставрева и Рилковци – старо име на доброто)<br><br>**Бр. 2 во Општ инвентар за Културно наследство** | **ул. “Коста Абраш” бр. 44**<br>(стара адреса ул.”Самоилова” бр. /)<br>*(до цр. Богородица Болничка)* | Охрид<br><br>**КП 16303**<br>**КО Охрид 3** | 197 | 01.02.1957 | 756 | **4-819-038/133 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Извршена е конзервација на кровот од објектот, фасадите и извршена е комплетна промена на надворешната столарија од објектот во текот на 2015 година. | Последен мониторинг во 2018 година. Извршена е конзервација на кровот од објектот, фасадите и извршена е комплетна промена на надворешната столарија од објектот. Состојбата е добра |
| | | | | 18-62 | 02.03.2011 | | | Значајно културно наследство |
| **5.** | **Куќа на Ламбески Борис**<br>(Куќа на Борис Сим.Ламбески – старо име на доброто)<br><br>**Бр. 1 во Општ инвентар за Културно наследство** | **ул „Цар Самуил“бр.42**<br>(стара адреса ул. ”Самоилова” бр. 42) | Охрид<br><br>**КП 16277**<br>**КО Охрид 3** | 7 | 30.05.1958 | 745 | **4-819-038/123 Р НД**<br><br>Последни интервенции на објектот:<br>Конзерваторски зафати се вршени во текот на 1960 година. | Последен мониторинг во 2018 година. Состојбата на објектот е лоша. Неопходна е комплетна конзервација на објектот |
| | | | | 08-1052/7 | 10.09.2010 | | | Значајно културно наследство |
